РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 01.04.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 1555/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден надзор, реализиран по службена должност;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар;
3. **Период опфатен со надзорот:** 25 март 2025 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 1 април 2025 година;
5. **Предмет на надзорот:**
    - **Член 14 од Законот за медиуми** (импресум);
    - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (информации достапни за корисниците);
    - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
    - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (идентификација на радиодифузер).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, емитуван на 25 март 2025 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.**

Спротивно на Законот и на Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, без импресум беа емитувани програми со верска содржина по повод Рамазан: “Rregullat e shkurorzimit në islam”, - читање од Куран (аудиовизуелна целина без наслов), “Drita islame” и „Besimi në Allahun xh.sh. dhe shpresa”; потоа документарно-забавна програма „Kuzhina në ekran“ и репризирана информативна емисија–интервју со Ардиан Хоџа директор на “Албафон “Emision debativ - Meqë ra fjala”.

На соодветно место, за секоја содржина од програмскиот сервис, радиодифузерот е законски обврзан да ги емитува податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на програмската содржина: - *името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис; - името и презимето на одговорниот уредник на редакцијата од која произлегува програмата; - името и презимето на уредникот / авторот / водителот на емисијата; - името и презимето на коавторите, односно севкупната ТВ-екипа со удел во целината на аудиовизуелното дело; - називот на субјектот што ја произвел програмата; - датумот на продукцијата*.

25 март 2025 г.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| “Rregullat e shkurorzimit ne islam” – верска програма | 02:06:56 | 03:10:58 |
| Читање од Куран (аудиовизуелна целина без наслов) – верска програма | 03:18:13 | 03:51:35 |
| “Drita islame” - верска програма | 05:29:51 | 06:10:48 |
| „Kuzhina në ekran”- документарно-забавна програма | 09:16:09 | 09:27:08 |
| “Emision debativ - Meqë ra fjala” – репризирана информативна емисија– интервју со Ардиан Хоџа директор на „Албафон“ | 14:24:07 | 15:35:40 |
| „Besimi ne Allahun xh.sh. dhe shpresa” – верска програма | 15:43:09 | 16:46:15 |
| Читање од Куран (аудиовизуелна целина без наслов) - верска програма | 16:46:35 | 17:45:06 |
| “Drita islame” – верска програма | 19:03:54 | 19:43:38 |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, емитуван на 25 март 2025 година, не објави импресум на: програмите со верска содржина “Rregullat e shkurorzimit në islam”, читање од Куран (аудиовизуелна целина без наслов), “Drita islame” и „Besimi në Allahun xh.sh. dhe shpresa”; документарно-забавната програма „Kuzhina në ekran“ и на репризираната информативна емисија–интервју со Ардиан Хоџа директор на “Албафон “Emision debativ - Meqë ra fjala”.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од

07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***